# FOREVER

MACEDONIA

Мај 2017 | Број 187





















# Глобална мрежа

**Многу работи ми се допаѓаат во нашите настани. Има ли воопшто нешто, да не е убаво во нив? Воодушевувањето, прославата на вашите успеси, пиротехниката, да ги споделуваме новините во бизнисот со вас... сето ова е дел од моите прекрасни обврски. Но има нешто, што го очекувам со поголемо нетрпение од сè останато – можноста да се видам и да зборувам со толку многу пријатели од целиот свет.**

Во грчкиот ресорт Коста Наварино се случи нешто што до овој момент немав можност да го споделам со повеќето од вас и сега – по Глобалното рели во Дубаи и по крајот на квалификацијата за Менаџер „Орел“ 2017, небаре случајот е соодветен.

Една вечер неколкумина од нас вечеравме во Пилос – мало гратче на околу 20 мин од Коста Наварино. Доста касно се вративме во ресортот и јас очекував да го затекнам стивнат и празен, бидејќи се ближеше полноќ. Но, не беше така. Целото лоби и откриените ресторани беа полни со сопственици на Форевер бизнис од секое катче на планетата, кои разменуваа искуства, знаења, добрите практики и културата еден со друг.

Во лобито забележав како малезиските Орли споделуваат со колеги од Бенелукс и им раскажуваат на нашите јапонски лидери, кои за прв пат доживуваа средба на Менаџерите „Орел“, зошто било едноставно задолжително да бидат дел од настанот. ЕТЕ ТОА е суштината на настаните на Форевер! Ние сакаме да им помагаме на другите и да ја споделуваме оваа неверојатна можност за бизнис и токму тоа собира на едно место толку широкогради луѓе од цел свет. Тоа ја претвора Форевер во нешто специјално и нѝ има помогнато да реализираме близу 40 години во бизнисот.

Нема сомневање дека сте имале можност да бидете дел од такви моменти и во Дубаи, каде се собраа толку многу наши лидери. Ви упатувам предизвик да одделите момент и да си помислите каков бил вашиот придонес во разговорите таму. Дали ги споделивте со соговорниците најдобрите практики, познавања и позитивизам? Дали учествувавте во разговорите со отвореност и желба да учите? Бидете искрени со себе си.

Како квалификувани за Глобалното рели вие сте едни од најуспешните сопственици на Форевер бизнис во нашата компанија и, верувајте ми, одговорноста е огромна! Вашите зборови и примерот што го давате, се исклучително важни! На вас се потпираме да ги учите останатите и да им ја покажувате силата на позитивизмот и колку е важно да се справиме со тешкотиите.

За мене беше неверојатна радост да видам толку многу од вас во Дубаи, да ги прославиме вашите успеси, да слушнам што сте постигнале и да учам. Не знам дали ќе ми поверувате, но вистината е дека секој ден продолжувам да научувам по нешто ново за моќта на нашиот бизнис.

Не запирајте да се смеете,

Gregg Maughan

**Gregg Maughan**



# Историјата за два зајака

**Стара поговорка гласи: „Ако гониш два зајака, не можеш да фатиш ниту еден.“ Во секој даден момент од вашиот живот може да има милион работи кои ве влечат во исто толку различни насоки. Како да ги подредите по приоритет во ситуација кога сѐ изгледа многу важно и го бара вашето внимание? Ако изберете да се натоварите со премногу работи истовремено или не успеете да донесете одлука, како што кажува и поговорката, ризикувате да не постигнете ниту една од целите, за кои работите. Ризикувате да ги изгубите сите зајаци.**

Секој од нас заглавува во прекумерни анализи на работите пред кои е исправен, и затоа често се чувствуваме како залеани од потоп.

Колку пати тоа ви се случувало во бизнисот? Треба да закажете обука, да се поврзете со неколку соседи кои сакаат да си порачаат производи, да ги однесете децата на училиште, да разговарате со кандидати, да трчате по задачи, да плаќате сметки, да сте домаќин на претставување на производи, да успеете да стигнете до лекарот во договорениот термин и се чудите каде да вметнете барем еден оброк. И сето тоа само до ручек. Може да биде тешко да се ориентирате каде да ја вложите енергијата, за да постигнете оптимален резултат.

Моето искуство покажува дека одговорот се крие во долгорочна концентрација и „задржување на погледот врз наградата“. Многу од работите кои треба да ги завршите во тек на денот, го одвлекуваат вашето внимание, но ако останете фокусирани на крајната цел, секојдневните задачи нема да ве отклонат од курсот.

Дали ви се случувало да ја погледнете траекторијата на авионот за време на долг лет, за да видите до каде сте стигнале на патувањето, и да востановите дека се движите во сосема неочекувана насока? Може авионот да се упатил на север, кога мислите дека треба да лета на исток. Според статистиката во 70% од времето на летот, авионите отстапуваат од директниот курс, но секогаш знаат каде одат, секогаш пристигнуваат на очекуваното место.

Истото важи и за вашиот бизнис. Може да минувате низ привремени неуспеси, презафатени денови или неочекувани предизвици кои ве обесхрабруваат. Но, сѐ додека не ги испуштате долгорочните цели од вашиот ум, никогаш нема да се отклоните од својот пат, а ако сепак тоа се случи, веднаш ќе го забележите и ќе се коригирате, за да се вратите на најважното за вас.

Натерајте сѐ да се концентрирате на една основна цел – на еден зајак, и после, кога ќе го фатите, изберете го следниот за гонење, така и вие, и вашиот бизнис секогаш ќе бидете одржливи.

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**



# Forever Move -
## вратете ја младешката подвижност

**Замислете дека можете да се движите слободно – без никакви ограничувања. Способноста  да се движиме е нешто што често го земаме здраво за готово,  но во суштина е нешто повеќе од едноставно активирање на мускулите и зглобовите. Движењето без ограничување ви дозволува да забрзате кон вашите цели.**




Знаеме дека физичката состојба влијае до голем степен врз останатите аспекти од вашиот живот – личен, професионален, социјален и емоционален. Токму од оваа идеја и нашата филозофија изградена врз нејзина основа, се роди мотото „Изгледај подобро. Чувствувај се подобро“.

Затоа го развивме Forever Move – уникатна природна комбинација од две моќни состојки, за поддршка на мускулите и зглобовите, која нема да ја најдете никаде на друго место во светот.

Одамна знаеме дека глукозаминот и хондроитинот им помагаат на зглобовите и мускулите, но сакавме уште нешто. Баравме нешто кое брзо дејствува и има клинички проучувани резултати. Затоа го извлековме најдоброто од науката и од природата и создадовме комбинација со потврден ефект по само 7-10 дена. Потврдено е дека таа е дури пет пати поефикасна од глукозаминот и хондроитинот!

Мембраната на лушпата од јајцето, наречена NEM®, претставува природна состојка која се извлекува од храна и му доставува на телото хондроитин, хиалуронска киселина, глукозаминогликани и колаген. Таа е добро проучена и многу авангардна – придонесува за поголема амплитуда на движење, ја подобрува општата состојба на зглобовите и нивната подвижност, ја поддржува `рскавицата, ја намалува вкочанетоста и го потпомага брзото закрепнување по спортувањето. Кој би помислил дека таква состојка може да биде толку моќна?

На ова додадовме уште една патентирана состојка – куркумин, но во многу специјална форма, наречена BioCurc®, која користи специјална технологија за емулгирање. Отсекогаш куркумата е позната со нејзините својства да ги поддржува зглобовите и да ги зајакнува антиоксидантните способности на телото, но патентираниот процес ја зголемува нејзината биорасположливост со 200%. Така организмот максимално ја апсорбира и искористува.

Знаеме дека природата изобилува со благотворни средства и бескрајно сме благодарни што науката нѝ помага да ги извлечеме и усовршиме точно овие состојки за создавањето на нашиот нов и уникатен производ.

**Движете сè со Forever Move!**

# Систем за умножување на усилбите



*СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ*

**Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,**

Често пати за време на претставување на можностите за градење на сопствен бизнис со Форевер обрнуваме внимание на **двата основни услови,** неопходни за секој што се стреми кон финансиска независност. И тие се:

1. **Сами да си бидете шефови.**
2. **Да располагате со СИСТЕМ што овозможува многукратно умножување вашите усилби, кој треба разумно да го користите.**

Градењето на сопствен бизнис со Форевер веднаш ви дава можност за исполнување и на двата услови.

**Секој регистриран партнер на компанијата е независен** и сам одредува што сака да постигне и што да направи за тоа. Располагате слободно со вашето време и сами ги поставувате целите кои сакате да ги исполните. Сами одлучувате кога и колку да работите и така сами го одредувате нивото на вашите доходи со Форевер, можностите да го промените животот и да ги исполните своите мечти. И најважното – сами ги бирате луѓето со кои сакате да работите и да бидете во еден тим. Ова ве прави самостојни и горди претприемачи. Не зависите од никој друг освен од сопствениот став, желба за промена, начин на мислење и подготвеност да ги вложите потребните усилби за постигнување на резултатите кон кои сте насочени. Го имате најдобриот шеф на светот – самите вие!

А маркетинг планот на Форевер ви ја претставува најдобрата можност многукратно да ги умножите сопствените усилби, така што секој месец лично ќе привлекувате нови луѓе во својата мрежа и ќе ги обучувате да го прават истото што и вие:

- **ги употребувате прекрасните производи** на компанијата во вашето секојдневие при секоја потреба и можност;
- **ги споделувате придобивките од нивната употреба** со луѓето околу вас, за да имате редовни и задоволни клиенти, кои ќе ги порачуваат производите на Форевер;
- **им раскажувате** на сите блиски, познати, колеги, роднини и луѓе со кои разговарате во секојдневниот живот **за најдобрата можност за градење на сопствен,** постојано растечки бизнис, без никаков ризик и потреба од сопствени инвестиции и така да спонзорирате лично секој месец најмалку два, три или повеќе нови соработници, кои исто како вас сакаат да си го променат животот;
- **планирате, обучувате и работите заедно со новите соработници,** за да може вашата мрежа постојано да расте и да ги умножува многукратно вашите усилби.

А дали мудро го користите овој систем, можете многу лесно да определите. Ако секој месец сте активни со 4 бода и најмалку 1 бод од нив е од порачки на производи за лична употреба, најмалку уште 1 бод – од порачки на производи за продажба на крајни клиенти и минимум 2-4 бода се од ново спонзорирани сопственици на Форевер бизнис во тек на месецот, значи дека сте го направиле првиот основен чекор кон успешен развој на вашиот бизнис, бидејќи постојано додавате нови луѓе кон него. А за да ги умножите многукратно овие месечни усилби, потребно е да работите фокусирано и ревносно со новите соработници, следејќи ги информациите и напатствијата во работната книга „Први чекори до Менаџер." На овој начин и тие ќе се запознаат со најважното и ќе ги усвојат потребните активности, за да ги копираат и да ги умножат вашите усилби.

Ако сте последователни, дисциплинирани и не се откажувате, ќе можете редовно да ги удвојувате големината и доходите од сопствениот Форевер бизнис!

## Удвојте го вашиот бизнис!

**Со љубов и секогаш со Вас,**

***Стефан и Тања Стаеви***

2x YOUR FOREVER

# Успорете го СТАРЕЕЊЕТО со новиот козметички режим

## Ви претставуваме infinite by Forever™




Не можеме да го запреме времето, но можеме да го забавиме неговиот тек со најновата и најавангардна антиејџинг колекција: **infinite by Forever™.** Таа нѝ помага да го подобриме изгледот на кожата, да ги измазниме фините линии и брчки и нѝ овозможува да го одложиме настапувањето на вообичаените и несакани знаци на стареењето.



Претставете сѝ ја кожата како нежна и сочна слива. Плодот е симбол на хидратирана, затегната, мазна, млада и здрава кожа. За разлика од збрчканата исушена слива, пресната е полна со влага и свежина. Под влијанието на околната средина и стареењето кожата ја губи влажноста побрзо и останува без сјај, поподложна е кон појавата на брчки. Со серијата infinite можеме да го вратиме балансот на влагата во кожата, да ги стимулираме здравите нивоа на колаген и да ја намалиме појавата на фини линии и брчки, за кожата повторно да заприлега на туку што откината свежа слива.




**infinite by Forever™** е авангарда на науката за антиејџинг козметиката со своите моќни состојки, извлечени од најдобрите природни извори во клинички активни нивоа, комбинирани со најсовремените научни откритија, развиени да ја зголемат ефикасноста на нашето алое.

Колекцијата се состои од четири ефикасни производи кои взаемно го надградуваат своето дејство за активно да ја негуваат вашата кожа. Тие ја поддржуваат вашата убавина одвнатре кон надвор и од надвор кон внатре, дарувајќи ве со сјајна и хидратирана кожа, која изгледа и ја чувствувате помлада.

# infinite

by FOREVER

**hydrating cleanser**: богат со моќни состојки од природно потекло како екстракт и аминокиселини од јаболки и кокосови масни киселини. Тие ја подобруваат хидратацијата на кожата и нежно ги отстрануваат нечистотиите и мрснотијата, без да ја сушат кожата. По чистење со нежниот лосион со млечна конзистенција ќе ја чувствувате навлажнета кожата, мека и чиста – стабилна основа за останатите производи од вашиот антиејџинг режим.




**firming serum**: клинички тестираната состојка трифлуорацетил трипептид-2, е пептид со три аминокиселини, кој ги имитира природните процеси во кожата, за да ја затегне и да ја намали појавата на фини линии и брчки. Во клинички истражувања тој значително ја подобрува еластичноста на кожата на корисниците. Во серумот заедно со ефикасни природни компоненти е вклучено и нашето патентирано алое. Серумот навлажнува, измазнува, затега и ја пополнува кожата, за таа да изгледа помлада, а и вие да ја чувствувате таква.

**firming complex:** убавината не е само на површината – таа започнува со исхраната. Првиот ексклузивен козметички додаток во исхрана на Форевер, поддржан од две клинички студии, ви помага да го контролирате процесот на стареење. **firming complex** содржи патентирана комбинација – концентрат од француска диња, фитосерамиди и морски колаген, за да ја потпомага хидратацијата, да го намалува продлабочувањето на брчките и да ја зголемува флексибилноста и еластичноста на кожата. Во дополнение овој моќен производ содржи и витамин С, за да поткрепи многу внатрешни системи, целокупното здравје и добриот изглед на вашата кожа.

**restoring crème**: со повеќе од 15 состојки за ревитализација на кожата, кремот брзо се впива, го навлажнува и измазнува лицето. Ги комбинира најновите научни откритија со алоето, антиоксидантните ризници на плодовите асаи и калинка, како и специјална антиејџинг композиција од етерични масла, за да ја ревитализира и подмлади исушената кожа. Го нанесува последниот удар на процесот на стареење.










Може да сметате дека го познавате алоето и неговите својства, но никогаш не сте виделе да делува на овој начин! **Infinite by Forever™** го атакува стареењето одвнатре кон надвор и од надвор кон внатре со револуционерни формули, разработени да ја хидратираат кожата, да ја намалат појавата на фини линии и брчки и да ги стимулираат здравите нивоа на колагенот, за да ви помагаат да изгледате и да се чувствувате подобро.

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ангеловска Милина – Куманово
2. Анѓеловска Јаворка – Куманово
3. Антиќ Весна – Куманово
4. Антиќ Снежана - Врање
5. Апостолова Снежана - Босилеград
6. Асипи Лумније – Куманово
7. Богдановска Маја – Штип
8. Димишковска Светлана – Куманово
9. Захарчева Верица – Демир Капија
10. Здравковиќ Јелена – Врањска Бања
11. Ибраими Хисније – Куманово
12. Карбинска Сања – Берово
13. Конеска Каимовски Мимоза – Скопје
14. Костовска Мирјана – Неготино
15. Милушева Лидија – Скопје
16. Митевска Ивана – Штип
17. Огњанова Кимова Верица – Неготино
18. Петковски Дејан – Куманово
19. Др. Катица Томановиќ Атанасоска – Скопје
20. Ранѓеловиќ Дубравка – Владичин Хан

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Славица Донакова
4. Блага Крстеска
5. Катерина Трајчевска
6. Слафко Михајловски
7. Вера Златковска
8. Жарко Георгиевски
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Жарко Георгиевски
4. Славица Донакова
5. Вера Златковска
6. Дончо Ѓорѓиев
7. Др.Гордана Николиќ
8. Катерина Трајчевска
9. Младен Димовски
10. Стевица Димовска




**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products Macedonia**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## Претставување на Форевер

Дали сте подготвени да го УДВОИТЕ вашиот Форевер бизнис ?

Поканете повеќе луѓе! Кога работите заедно со повеќе луѓе,енергијата и постигнувањата во вашиот тим ќе се умножуваат и растат.

Ве очекуваме на
**04.05.2017 во Неготино,**
хотел Памела од 19 ч.

**11.05.2017 во Скопје,**
хотел Порта од 18 ч.

**22.05.2017 во Гостивар,**
пицерија Пијано од 19 ч.

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.